**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

## за II година

**Гимназиско образование**

**Скопје, 2025 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Македонски јазик и литература*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Година на изучување** | II (втора) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • ***Јазик и комуникација***<br>• ***Литература, изразување и творење***<br>• ***Медиумска писменост*** |
| **Број на часови** | 4 часа неделно / 144 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија, печатач.<br>• Средства и ресурси за учење: фотографии, слики, плакати, постери од книжевници, шеми и прикази за наставниот материјал, паноа кои го следат материјалот по подрачја; речници, правопис, лексикони, енциклопедии, книги, едукативни софтевери, снимки од нарации, аудио – визуелни снимки;<br>• Библиотека во училница, училишна библиотека. |
| **Норматив на наставен кадар** | Настава по предметот Македонски јазик и литература во средно гимназиско образование може да реализира лице кое завршило наставна насока на студиските програми:<br><br>• Македонски јазик и книжевност VII/1 или VI A т.е 240 кредити;<br>• Македонски јазик и јужнословенски јазици VII/1 или VI A т.е 240 кредити; |

| | |
|---|---|
| | • Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност и јужнословенски книжевности VII/1 или VI А т.е 240 кредити;<br>• Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик VII/1 или VI А т.е 240 кредити;<br>• Македонска книжевност и култура VII/1 или VI А т.е 240 кредити;<br>• Општа и компаративна книжевност VII/1 или VI А т.е 240 кредити;<br><br>**Забелешка:** Лицата кои завршиле применета насока, се стекнале со назив дипломиран филолог од наведените студиски групи и се здобиле со педагошко-психолошка и методска доквалификација, можат да реализираат настава по предметот Македонски јазик и литература во средно гимназиско образование. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

| Подрачје: ***ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА***<br>Вкупно часови: **65** |
|---|
| **Резултати од учење:**<br><br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br>1. ги објаснува и споредува историските факти и општествените околности во контекст на јазичното прашање во XIX век и значењето на македонските интелектуалци и учебникари и нивните дела во развојот на македонскиот јазик;<br>2. ги препознава, споредува и толкува гледиштата на македонистите за создавање стандарден јазик, за заедничките одлики на различните гледишта и за значењето на народниот јазик во гледиштето за одделен македонски јазик. |

| | |
|---|---|
| 3. ги разбира и правилно ги применуваат гласовните промени во македонскиот јазик (едначење по звучност, обезвучување, удвојување и испуштање согласки) при изговор и пишување.<br>4. ги препознава менливите зборови во македонскиот јазик (именки, придавки, заменки, броеви, глаголи) и ги применува нивните граматички категории при употреба на зборови и реченици во писмена и усна комуникација.<br>5. ги препознава неменливите зборови, го објаснува нивното значење и улога во реченицата и ги применува правилно во сопствен говор и писмен израз за постигнување јасност, поврзаност и изразност..<br>Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:<br>1. ја објаснува улогата на јазикот како жив систем што се менува во согласност со општествените потреби;<br>2. покажува свесност за важноста на правилната употреба на јазикот како средство за успешна комуникација;<br>3. покажува интерес и вреднување на книжевните дела како средство за развој на критичко мислење и емпатија. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| **ЗА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК** | |
| Историски развој на македонскиот јазик<br><br>• Македонскиот јазик во 19 век<br><br>(македонски писатели, учебникарска дејност, народен јазик, дијалектна основа на македонскиот стандарден јазик, црковнословенска лексика, јазични гледишта, турцизми, бугаризми, русизми, западномакедонски говори, северномакедонски говори, буквари, читанки, граматика, речници, Ј.Х. Џинот, К. Пејчиновиќ, Ј.Крчовски, Т. Синаитски, П. Зографски, К. Шапкарев, Д. Узунов, Д. Македонски, Ѓ. Пулевски, „Слогница речовска“, Р. Жинзифов, Г. Прличев, Константин Миладинов, Марко Цепенков, македонисти, преродбеници, лозари, списание „Лоза“, идеја за македонска јазична самобитност) | • Објаснува зошто XIX век е значаен за развојот на македонскиот јазик и ја поврзува идејата за народен јазик со националниот идентитет.<br>• Ги набројува и препознава најзначајните претставници на македонското просветителство (Јоаким Крчовски, Кирил Пејчиновиќ, Јордан Хаџи Константинов Џинот, Теодосиј Синаитски и др.) и го опишува нивниот придонес за јазичниот развој.<br>• Ги анализира јазичните особености во делата на македонските преродбеници, разликувајќи елементи на народен јазик, црковнословенизми и странска лексика.<br>• Ги споредува јазичните ставови на Крчовски, Пејчиновиќ и Џинот за избор на стандарден јазик и ја |

| | |
|---|---|
| | објаснува нивната важност за оформувањето на литературниот израз.<br>• Ја објаснува улогата и значењето на македонистите, „Лозарите“ и списанието *Лоза* во зацврстувањето на идејата за одделен македонски јазик.<br>• Ги анализира мотивите, идеите и културната мисија на македонските преродбеници во контекст на создавање на националната свест.<br>• Го проценува и вреднува придонесот на писателите и учебникарите од XIX век за развојот на јазикот и културниот подем на македонскиот народ. |
| **ГРАМАТИКА** | |
| • **Фонетика и фонологија**<br><br>(гласовни промени; едначење на согласките по звучност; отстапување од правилата за едначење на согласките по звучност, звучни согласки на крајот на зборот – обезвучување; согласки во непосреден допир – удвојување и испуштањ) | • Ги објаснува и применува основните гласовни промени (едначење по звучност, обезвучување, испуштање и удвојување согласки) при пишување зборови.<br>• Го применува правилниот изговор и правопис на зборовите во кои се јавуваат гласовни промени.<br>• Препознава и ги коригира правописните грешки поврзани со гласовни промени во сопствени и туѓи текстови. |
| • **Морфологија и морфосинтакса**<br><br>(морфологија, морфема, видови морфеми: коренски морфеми; службени или додадени морфеми (афиксни морфеми, афикси) зборообразувачки (деривациски), со кои се | • Објаснува разлика меѓу коренска и додадена морфема. |

| | |
|---|---|
| образуваат нови зборови;  формообразувачки (флексиски), збороформа)<br><br>Зборовни групи и граматички категории<br><br>**Именки**<br><br>(поделба на именките, граматички категории кај именките: род, број, определеност; вокативна форма на именките; функциите на именките во реченицата)<br><br>**Придавки**<br><br>(поделба на придавките, граматички категории кај придавките, степенување на описните придавки,  функции на придавките во реченицата)<br><br>**Броеви**<br><br>**(**броеви за определена (точна) бројност; броеви за приближна бројност, прости броеви; сложени броеви; бројни придавки, бројни форми за лица; функции на броевите во реченицата)<br><br>**Заменки**<br><br>**(**лични, лично –предметни, показни заменки; функции на заменките во реченицата)<br><br>**Глаголи**<br><br>(граматички категории на глаголот: (време, начин, лице, вид, повратност, преодност, број, залог; лична, нелична и | • Објаснува како деривациските морфеми создаваат нови зборови.<br>• Објаснува функцијата на флексиските морфеми во промена на зборoформата.<br>• Разликува зборообразувачка од формообразувачка морфема.<br>• Објаснува разлики меѓу зборовните групи според нивните граматички функции.<br>• Анализира разлики меѓу деривација и флексија преку конкретни примери.<br>• Ги идентификува граматичките категории кај зборови од различни групи и објаснува нивната улога во реченицата.<br>• Го употребува соодветниот род, број и определеност на именките во сопствени реченици и текстови.<br>• Ја применува вокативната форма на именките во кратки говорни и писмени изрази (обраќања, дијалози, текстови).<br>• Ги применува именките во различни синтаксички функции (подмет, предмет, определба) во рамки на реченица.<br>• Ги применува правилата за усогласување на придавката со именката по род, број и определеност во реченици и текстовиќ<br>• Степенува описни придавки во писмен и устен израз.<br>• Ги користи различните видови придавки (описни, присвојни, односни) при создавање реченици и кратки текстови. |

| | |
|---|---|
| безлична глаголска форма; класификација на глаголите; форми на глаголот; формите на глаголот; прости глаголски форми: сегашно време, минато определено несвршено, минато определено свршено, заповеден начин ( значење и употреба); нелични глаголски форми: глаголска л-форма глаголска придавка, глаголска именка, глаголски прилог; сложени глаголски форми: минато неопределено свршено и несвршено време, предминато време, идно време , минато идно време, идно-прекажано време, можен начин, глаголски конструкции со **сум и има**; функции на глаголите во реченицата)<br><br>**Прилози**<br><br>(поделба на прилозите, образување и функции на прилозите во реченицата)<br><br>**Предлози**<br><br>(предлози: прости и сложени)<br><br>**Сврзници и сврзувачки зборови**<br><br>(координациски – приредувачки; субординациски – подредувачки; сврзувачки зборови)<br><br>**Честички**<br><br>(честички – партикули; потврдни, одречни и прашални честички; засилување; честички за изделување, за дополнување, за прецизирање, за количественост, за спротивност, за посочување) | • Ги применува познавањата за придавките при стилистичко збогатување на текстот (избор на соодветна придавка според контекст).<br>• Ги применува личните и лично-предметните заменки при правилно заменување на именки во реченици и кратки текстови.<br>• Ги користи показните заменки за јасно изразување на блискост или оддалеченост во усна и писмена комуникација.<br>• Ги применува бројните придавки**,** бројните форми за лица, броевите за точна и приближна бројност во усна и писмена комуникација.<br>• Ги применува различните видови прилози (за место, време, начин, причина, мера и степен) при создавање реченици и кратки текстови.<br>• Го користи соодветниот прилог за појаснување на глаголот, придавката или друг прилог во реченица.<br>• Го користи степенувањето на прилозите каде што е возможно (брзо – побрзо – најбрзо) во говорен и писмен израз.<br>• Ги применува прилозите во различни функции во реченицата – како определби на дејство, место, време или начин.<br>• Ги препознава основните граматички категории на глаголот во реченица: време, начин, лице, број, вид, залог, повратност, преодност.<br><br>• Ги користи формите на граматичките категории на глаголите во усна и писмена комуникација.<br>• Ги анализира функциите на глаголите во реченицата. |

| | |
|---|---|
| **Извици**<br><br>(извици за чувствени реакции, за обрнување внимание, за повикување некого, за имитирање)<br><br>**Модални зборови**<br><br>(модални зборови – говорителот искажува свој став кон она што го соопштува како свој впечаток или некаква оценка во смисла на увереност, неверување, тврдење, претпоставување; модални изрази) | • Ги користи простите и сложените глаголски форми (сегашно време, минато определено свршено и несвршено, идно време, можен начин, предминато, идно-прекажано време) при составување сопствен текст или дијалог.<br>• Ги применува неличните глаголски форми (глаголска л-форма, глаголска придавка, глаголска именка, глаголски прилог) за стилско збогатување на текстот.<br>• Креира реченици или кратки текстови користејќи глаголски конструкции со сум и има, прилагодувајќи ги според контекстот.<br>• Ги разликува, споредува и ги применува глаголските форми на категоријата начин (исказен, заповеден и можен) во различни реченици и комуникативни контексти.<br>• Ги применува простите и сложените предлози во усна и писмена комуникација за правилно изразување на односите меѓу зборовите.<br>• Ги користи соодветните предлози со именки, заменки и броевите во зависност од контекстот.<br>• Ги употребува сврзниците за изразување логички односи меѓу деловите на реченицата (противставување, причинско-последичен однос, цел, време, услов).<br>• Ги применува сврзувачките зборови и изрази за логично поврзување на делови од текст.<br>• Го користи познавањето на сврзниците за создавање кохерентен и поврзан текст (при раскажување, објаснување или аргументирање). |

| | |
|---|---|
| | • Ги применува извиците за изразување чувствени реакции, за обрнување внимание, за повикување некого, за имитирање.<br>• Го користи интонацискиот израз и интерпункциските знаци што ја придружуваат употребата на извици во реченицата.<br>• Ги применува модалните зборови за изразување увереност, сомневање, тврдење или претпоставка во различни комуникациски ситуации. |
| • **Правопис и правоговор**<br>Интерпункциски знаци | • Ги применува правилата за правопис и интерпункција при пишување реченици и текстови.<br>• Ја користи интерпункцијата за јасно и смислено изразување на мислата во различни видови текстови.<br>• Го прилагодува изборот и употребата на интерпункциските знаци според комуникативната цел и стилот на изразување. |
| • **Лексикологија**<br>(поим за збор (содржина/форма), лексикологија, лексика, лексема, лексичко и граматичко значење, еднозначни и повеќезначни зборови; синоними, хомоними антоними, пароними; архаизми, историзми, неологизми; домашни (свои) и странски(туѓи) зборови, црковнословенизми, интернационализми, турцизми и варваризми; разговорна, книжна (книжно-литературна), експресивна лексика, општонародна и дијалектна лексика, професионализми, | • Ги препознава и објаснува основните поими и видови лексичко значење (еднозначни, повеќезначни зборови, синоними, антоними, хомоними, пароними).<br>• Ги анализира зборовите според нивното потекло, значење и стилска употреба во текст.<br>• Разликува лексичко од граматичко значење и ги применува при анализа на зборови и реченици. |

| | |
|---|---|
| жаргонска и терминолошка лексика, активен и пасивен речник) | • Го користи соодветниот стилски слој и терминолошка лексика при создавање сопствен текст.<br>• Проценува стилско и изразно дејство на различни видови лексика (разговорна, книжна, експресивна, терминолошка) во даден текст.<br>• |
| **СЛУШАЊЕ, ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ** | |
| **Слушање и читање со разбирање**<br><br>(вест, интервју, подкаст, говор, новинарски, информативни, уметнички, рекламен, есејски текстови)<br><br>**Пишување и изразување Усно изразување и критичка комуникација** | • Ги препознава темата, целта и клучните информации во различни аудио и писмени извори (вест, интервју, подкаст, текст, говор).<br>• Ги издвојува релевантните податоци и ги поврзува со претходно стекнато знаење.<br>• Разбира содржина, цел и структура на различни типови текстови (новинарски, информативни, уметнички, рекламен, есејски).<br>• Идентификува факти, ставови и емоционални елементи и ги анализира во контекст.<br>• Ги споредува изворите според точност, веродостојност и гледишта.<br>• Изразува лично мислење на јасен, логичен и аргументиран начин.<br>• Составува различни видови текстови (есеј, писмо, рецензија, коментар, извештај) во согласност со комуникативната цел и структура.<br>• Ги применува правилата на правопис, граматика и стилска изразност при создавање текстови. |

| | |
|---|---|
| | • Користи изворни информации со почитување на авторството (парафразирање, цитирање и наведување извори).<br>• Ги комбинира податоците од повеќе извори за да создаде нов, сопствен текст со оригинален став.<br>• Употребува јазични и логички премини за поврзување на идеи и делови од текстот.<br>• Јасно и аргументирано ги изнесува ставовите во дискусија, дебата или усно излагање.<br>• Ги користи соодветните јазични средства според контекстот, публиката и целта на комуникацијата. |

**Примери за активности**

**Практични активности и вежби**

- Креирање текст со сврзници: Учениците пишуваат краток текст (5–6 реченици) каде што ќе користат координациски и субординациски сврзници.
- Учениците пишуваат краток коментар/мислење за текстот, користејќи аргументи и модални зборови за изразување на увереност или претпоставка.
- Синтеза на идеи: Учениците комбинираат податоци од два различни текстови и составуваат краток извештај или есеј.

**Истражувачки активности**

- Јазични експерименти**:** Учениците проучуваат како различни модални зборови го менуваат значење на реченицата и презентираат примери на часовите.
- Истражување на стилови**:** Учениците споредуваат кратки текстови од различни автори и анализираат како употребата на прилози, предлози и извици влијае врз стилот и изразноста на текстот..

- **Функции на заменки:** Учениците избираат текст и го анализираат користењето на лични, показни и лично-предметни заменки, запишувајќи ја нивната функција во реченицата.

**Квизови и натпревари**

- Лингвистички лов на зборови: Учениците во групи добиваат текст и имаат задача да најдат колку е можно повеќе примери за именки, придавки, прилози или за броеви во ограничено време.
- Синтаксичко бинго: Табела со различни функции на зборовите во реченици од зададен текст (подмет, определба, дополнение, прилог) – учениците пополнуваат со зборови од текст кој го читаат.
- Модални зборови – натпревар**:** Учениците добиваат реченици без модални зборови и треба да внесат соодветни зборови за изразување став или претпоставка.
- Брз фокус**:** Учениците брзо одговараат на прашања поврзани со клучни информации, ставови и факти од текст или аудио материјал.

- Дебатен круг**:** Учениците се делат во две групи. Секоја група треба да аргументира свој став врз основа на текст/аудио, користејќи модални зборови и примери.
- Логички премини**:** Учениците добиваат делови од есеј без одредена поврзаност помеѓу речениците. Нивната задача е да го реконструираат текстот со логички премини и кохерентен тек.

Подрачје: ***ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ***
Вкупно часови: **65**

**Резултати од учењето:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. слуша и чита со разбирање литературни текстови од различни литературни периоди (барок, класицизам, романтизам);
2. снализира литературни текстови користејќи литературно - теориски поими од наратологијата и поетиката карактеристични за литературните периоди и нивните претставници;

3. објаснува и разликува карактеристики на литературните дела преку примери од македонската и светската литература, вклучувајќи ја македонската народна литература и нејзините собирачи;
4. формулира аргументирани и критички ставови за литературни дела и културно-општествени појави, поврзувајќи ги со современи контексти;
5. создава оригинални текстови – различни типови есеи и креативни текстови во стих и проза, со почитување на јазичните норми, структурата и правилата за пишан израз.

Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:

1. Читањето со разбирање на литературни дела влијае врз развојот на комуникациските способности, врз начинот на размислување и врз развојот на креативноста;
2. стекнатите вештини преку читањето и толкувањето на литературните текстови се применливи и корисни за учење и стекнување знаења во сите други области.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| **Периодизација на литературата**<br>(од втора половина на XVI до средина на XIX век: барок, класицизам, просветителство и романтизам) | • Го дефинира поимот литературен правец.<br>• Идентификува различни литературни правци, ја наведува нивната временска рамка и општествено-историските услови на појавување.Ја објаснува поврзаноста меѓу книжевните правци и другите уметности (сликарство, музика, архитектура, филозофија). |
| **Барок (1570-1570)**<br>• (барок, барокот во книжевноста, архитектурата и ликовната уметност; карактеристики: претераност, украсеност, мистицизам; маниризам; мотиви: необичното, мистериозното, таинственото; стилски средства: метафора, хипербола, антитеза; *carmina figurata* (стихови во | • Ја определува временската рамка и ги опишува културните и историските прилики на појавување на барокот. |

| | |
|---|---|
| форма); книжевни дела: лирски и драмски; претставници (автори од Шпанија и Италија) | • Ги набројува и опишува клучните карактеристики на барокната литература.<br>• Идентификува мотиви, теми и стилски средства карактеристични за барокот.<br>• Набројува претставници и дела на барокната книжевност во европски и светски контекст.<br>• Препознава и анализира стихови *carmina figurata* (стихови во форма) и ги споредува со современи примери.<br><br>**Дела за анализа/избор/извадоци:**<br><br>Фрагменти од делата по избор на Педро Калдерон де ла Барка, Лопе де Вега, Луис де Гонгора, Џанбатиста Марино, Торквато Тасо.<br>• Песна по избор од стихозбирката „Таа“ од Елена Пренџова (споредба со *carmina figurata* (стихови во форма). |
| **Класицизам (од XVII до почетокот на XIX)**<br>(класицизам-неокласицизам-псевдокласицизам, основни идеи и начела на класицизмот:<br><br>углед на античката книжевност; рамнотежа меѓу вдахновение и разум; единство на разумот, убавината и моралот;<br><br>постигање на совршеното;<br><br>норми и правила во книжевноста-култ кон правилата;<br><br>теорија на трите единства на драмата: време, простор, дејство; класификација на | • Го објаснува поимот класицизам и ги опишува времето и општествените услови на неговото појавување..<br>• Ги идентификува и интерпретира основните идеи и естетски начела на класицизмот.<br>• Ги опишува правилата и нормите за создавање литературни творби во согласност со поетиката на класицизмот.<br>• Ги класифицира книжевните видови во класицизмот.<br>• Ги наведува најзначајните претставниците и дела на класицизмот во европски контекст..<br>• Ги препознава и анализира идеите во делата од класицизмот. |

| | |
|---|---|
| книжевни видови:високи-ода, химна, епопеја; средни видови- елегија, сатира, басна, епиграм; ниски видови- комедија; стилски особености: јасен и чист израз, величествен стил, совршенство и хармонија во композицијата; претставници (автори од Франција, Англија, Германија) | Ги споредува драмските видови и мотиви во делата од класицизмот со современи драмски текстови.<br><br>**Дела за анализа/избор/извадоци:**<br><br>Никола Боало „Поетска уметност“ -фрагмент, Пјер Корнеј „Сид“, Жан Батист Поклен Молиер „Тартиф“, Жан Лафонтен „Басни“.<br><br>Споредба со современ драмски текст: „Словенски ковчег“/„Кандид во земјата на чудата“ од Венко Андоновски |
| **Просветителството (XVII-XVIII век)**<br>(просветителство, рационализам, прогрес, образование, наука, tabula rasa, верба во човекот и неговите природни права, образование, толерантност меѓу религиите; теми за творење: воспитание, влијанието на средината, човековата слобода, борба против нееднаквост;<br>цел на книжевноста:просветување на народот; видови книжевни дела: роман, драма, трактати, поучни списи, басни; претставници (автори од Англија, Германија, Франција, Русија) | • Ја објаснува временско-културната рамка на проветителството и општествените услови на неговото појавување.<br>• Ја објаснува суштината на просветителството како интелектуално и духовно движење засновано врз рационализам и вера во човечкиот прогрес преку разум.<br>• Ги опишува и интерпретира основните идеи на просветителството: вера во човекот и неговите природни права, значењето на образованието и толерантноста меѓу религиите.Ги набројува најнзначајните европски претставници на просветителството.<br>• Ги препознава и анализира просветителските идеи и мотиви во дела од тој период.<br><br>**Дела за анализа/избор/извадоци:**<br><br>Волтер „Кандид“ |

| | |
|---|---|
| | Доситеј Обрадовиќ - избор басни<br>А. Крилов – избор басни |
| **Просветителството во Македонија**<br>(просветителство, карактеристики на просветителството, народен јазик, поучителен карактер на делата, почеток на создавање на македонски литературен јазик, јазични особености на текстови - слова, песни, драмски обиди-сценки, епитаф), претставници. | • Ја објаснува суштината и појавата на просветителските идеи во Македонија, поврзувајќи ги со европскиот контекст на просветителството.<br>• Ги наведува најзначајните македонски просветители – Јоаким Крчовски, Кирил Пејчиновиќ и Јордан Хаџи Константинов–Џинот – и ги поврзува нивните дела со просветителската мисла.<br>• Го објаснува видот и функцијата на просветителските текстови и нивната поучна и општествена улога во времето на создавање.<br>• Ги анализира и коментира извадоците од делата на македонските просветители, објаснувајќи го нивното историско, јазично и културно значење.<br>• Ја објаснува улогата и значењето на првите печатници (Теодосиј Синаитски, Даскал Камче) во ширењето на просветителските идеи и книжевноста. |
| • **Романтизам**<br>(романтизам, романтизмот - реакција против класицизмот и неговите строги правила; начела на романтизмот:<br>емоциите, фантазијата и индивидуалниот израз во преден план;<br>сон, инспирација, личноста на поетот и внатрешниот свет на човекот, субјективност;<br>одлики во творењето: слободна форма и уметничка индивидуалност; мешање на книжевни видови, главни книжевни форми: | • Ги наведува и ги опишува основните обележја на романтизмот и ги поврзува со времето и општествените услови на неговото појавување.<br>• Ги споредува сличностите и разликите меѓу романтизмот и класицизмот, објаснувајќи ги промените во односот кон човекот, природата и уметноста.<br>• Ги наведува најзначајните претставници на романтизмот во Европа и на Балканот, поврзувајќи ги со нивните идеи и дела.<br>• Идентификува и анализира романтичарски теми и мотиви во различни книжевни текстови. |

| | |
|---|---|
| роман со романтичарски белези, композиција на роман; епистоларен роман, роман во стих; поема, белези на поемата, романтичарски елементи во поемата (копнеж, тага, мотив на патување и откривање непознати места), музикалност (верификација-стих, рефрен, ритам,) романтичарски белези прикажани преку лирското Јас/лирски субјект; фантастична драма; мотиви: личните чувства и страсти, чувство на тага, копнеж, болка, песимизам – појавата на т.н. светска болка (Weltschmerz), природата, култ кон минатото, народот, интерес за фолклор, национална свест, љубов кон татковината, ирационализам и мистицизам, копнеж по недостижното; идеализирање на селскиот живот, култ кон природата, иделаот на жената и невозвратената љубов);<br><br>Романтизмот во Англија, во Германија, во Франција, во Русија и претставници<br><br><br>Романтизмот во Англија<br>Главни претставници:<br>• Вилијам Вордсворт, Семјуел Тејлор Колриџ, Џорџ Гордон Бајрон,Перси Биш Шели, Волтер Скот<br>Романтизмот во Германија<br>Главни претставници: | • Ги класифицира и толкува мотивите и идејните концепти во делата од романтизмот во согласност со правецот.<br>• Ги препознава и ги анализира стилските обележја (симболика, субјективност, емотивност, бегство во идеалното, култ на индивидуалноста) во романтичарски текстови.<br>• Објаснува начини на кои уметникот го изразува лирското „јас“ и субјективниот став кон стварноста во дадено дело.<br>• Ја анализира улогата на народната литература и митологијата во романтичарското творештво.<br>• Ги интерпретира романтичарските идеи и ги сопоставува со современи општествени и културни теми.<br>• Составува усно или писмено резиме за стилските и идејните обележја на романтизмот, со примери.<br>• Презентира сопствени заклучоци и компаративни согледувања за мотивите на романтизмот во различни културни контексти.<br><br>**Дела за анализа/избор/извадоци:**<br><br>• Џ. Г. Бајрон – *„Странствувањето на Чајлд Харолд“* (анализа на првите две песни)<br>• Гете *„Страданијата на младиот Вертер“*<br>• Хофман – избор раскази<br>• Аделберт фон Шамисо – *„Чудните доживувања на Петар Шлемил“*<br>• Виктор Иго – *„Богородичната црква во Париз“„/ Клетници*<br><br>• Пушкин – *„Евгениј Онегин“*<br>• Лермонтов – избор од поезијата |

| | |
|---|---|
| • Јохан Волфганг фон Гете, Фридрих Шилер, Хајнрих Хајне,Фридрих Хелдерлин, Браќата Грим, Ернст Теодор Амадеус Хофман<br>Романтизмот во Франција<br>Главни претставници:<br>• Виктор Иго, Франсоа-Рене де Шатобријан, Мадам де Стал, Алфонс де Ламартин, Алфред де Мисе, Алфред де Вињи<br>Романтизмот во Русија<br>Главни претставници:<br>• Александар Сергеевич Пушкин<br>• Михаил Јуриевич Лермонтов<br>Романтизмот во САД<br>Главни претставници:<br>• Едгар Алан По<br>Романтизмот кај другите балкански народи – преглед<br>Главни претставници:<br>• Вук Стефановиќ Караџиќ, Ѓура Јакшиќ, Бранко Радичевиќ, Лаза Костиќ, Јован Јовановиќ Змај, Франце Прешерн, Петар II Петровиќ Његош, Георги Раковски<br>Романтизмот во албанската литература<br>Главни претставници<br>• Наим Фрашери<br>Романтизмот во турската литература | • Поезија: *„Гарванот“„Арабески и гротески“* Раскази по избор: *„Маската на црвената смрт“*, *„Црниот мачор“*, *„Украденото писмо“*<br>• Избор од поезијата на Прешерн, Његош, Ѓура Јакшиќ, Георги Раковски<br>• Наим Фрашери – *„Песни за првите училници“*<br>• Намик Ќемал – *„Воинот Џезми“*<br>• Адиле Султан (1826–1899) – прва поетеса од османската династија (диван поезија)<br>• „30 грчки поети“ – антологија на грчка поезија<br>• Фатма Алије (1862–1936) – прва романсиерка во турската литература<br>• Лејла Саз – *„Харемот одвнатре“ (Haremin İç Yüzü)*<br>• *„Современи поети од албанска народност во Југославија“*, избор и препев: Адем Гајтани, Гане Тодоровски, Македонска книга, 1968 |

| | |
|---|---|
| Главни претставници<br>• Намик Ќемал | |
| **Романтизмот и културната преродба во Македонија (средина на XIX век)**<br>• Собирачи на македонското народно творештво и збορници<br><br>(Димитар Миладинов „Зборник на народни умотворби", Константин Миладинов *Предговор* кон Зборникот, Марко Цепенков „Силјан Штркот" Кузман Шапкарев, собирачка дејост, национална свест, народни умотворби, класификација на народни умотворби во Зборникот на Миладиновци, живот и дејност на собирачите)<br><br>• Македонската книжевност за време на романтизмот и преродбата (Прличев, *Автобиографија*, *Сердарот*, поема, поезијата на *Константин Миладинов*, мотиви, народно творештво, Рајко Жинзифов, *Крвава кошула, Прошедба,* Ѓорѓија Пулевски, автор на првите македонски речници) | • Ги наведува најзначајните собирачи на македонското народно творештво и ги поврзува со нивните најпознати дела и збορници *(Димитар и Константин Миладинов, Марко Цепенков, Кузман Шапкарев).*<br>• Ги идентификува и ги опишува романтичарските обележја во творбите на македонските преродбеници, како љубов кон татковината, народноста и јазикот.<br>• Ги препознава народните мотиви, симболи и изрази во поетските творби на<br>Константин Миладинов (*„Т'га за југ"*) и Григор Прличев (*„Сердарот"*).<br>• Го опишува животот и дејноста на собирачите на народни умотворби и ја објаснува нивната улога во зацврстувањето на националната свест.<br>• Го објаснува значењето на „Зборникот на народни умотворби" на Миладиновци за развојот на македонската културна и книжевна традиција.<br>• Ги класифицира народните умотворби според поделбата во Зборникот на Миладиновци *(песни, приказни, поговорки, загатки, обредни текстови)*.<br>• Ги опишува темите и мотивите во поезијата на Константин Миладинов, Григор Прличев и Рајко Жинзифов, поврзувајќи ги со народното творештво и романтичарскиот дух.<br>• Ја објаснува врската меѓу културната преродба и развојот на националната свест кај македонските интелектуалци од XIX век.<br>• Креира сопствен краток текст (есеј, поетски запис или постер) во кој преку романтичарски дух изразува љубов кон татковината и јазикот. |

| | |
|---|---|
| | • Го идентификува и го објаснува придонесот на Ѓорѓија Пулевски како прв автор на македонски речници и како значаен дејец во афирмацијата на македонскиот јазик. |
| **ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ** | |
| • Есеј - видови есеј<br>• Биобиблиографска белешка и CV<br>• Извештај<br>• Записник<br>• Пополнување формулар<br><br>• Креативно пишување на книжевно-уметнички текстови (краток расказ, стрип) | • Класифицира есеј според содржина, стил и намена (уметнички, научен, критички, личен).<br>• Формулира јасна теза во воведниот дел на есејот и ја поткрепува со аргументи, примери и објаснувања.<br>• Структурира пасус со главна реченица, разработка, пример и заклучна мисла.<br>• Поврзува идеи во есејот логично и разбирливо, користејќи соодветни премини меѓу пасусите.<br>• Пишува есеј на зададена или избрана тема, почитувајќи ја структурата: вовед, главен дел и заклучок.<br>• Разликува содржина, структура и стил на биографија и биобиблиографска белешка.<br>• Прилагодува стил и јазик на формален контекст при пишување биобиблиографска белешка.<br>• Составува сопствено CV со јасно означени лични податоци, образование, искуство и интереси.<br>• Го разликува извештајот од записникот според целта, структурата и стилот.<br>• Подготвува извештај за реализиран настан или проект, користејќи едноставни и точни фрази.<br>• Составува записник од состанок или средба, вклучувајќи податоци за место, време, присутни и заклучоци. |

| | |
|---|---|
| | • Пополнува различни типови формулари со точни и комплетни податоци.<br>• Пишува прозен текст со јасна композиција: вовед, главен дел (настан, опис) и завршен дел.<br>• Создава краток расказ користејќи креативни техники (дијалог, опис, изненадувачки пресврт, перспектива).<br>• Создава стрип следејќи ги чекорите на процесот: идеја, дијалози и визуелна композиција.<br>• Твори со свест за соодносот меѓу текстот и цртежот во стрипот за постигнување изразност и ефект. |

**Индивидуални активности**

- Секој ученик создава „класицистички твит“ или мини-есеј (до 100 зборови) на современа тема (технологија, пријателство, екологија), користејќи стилски и вредносни белези на класицизмот.
- Учениците пишуваат ода или химна во духот на класицизмот, посветена на современа тема (на пр. *Ода на знаењето*, *Химна на мирот*), со нагласени естетски и морални вредности.
- Учениците пишуваат уредничка белешка за имагинарно списание, во која објаснуваат зошто класицизмот е важен и денес.

**Истражувачки активности**

- Учениците, поделени во мали групи, истражуваат тема: *Македонското женско писмо во 19 век*. Резултатите ги претставуваат во PowerPoint презентација или краток есеј. На крајот се организира споделување и дискусија за значењето на пронајдените информации.

- Учениците истражуваат на тема: *Зошто македонскиот романтизам се нарекува Преродба?* и подготвуваат краток текст (есеј, говор или дигитален колаж). На крајот заеднички ги сумираат заклучоците во табела или графички приказ.

**Дискусија**

- Учениците дискутираат за сличностите и разликите во третирањето на темите од романтизмот во различни национални литератури. Резултатите ги прикажуваат преку Венов дијаграм (споредба: македонски vs. европски романтизам).

**Квиз и проверка на знаење**

- Наставникот подготвува онлајн квиз преку апликација (Kahoot, Quizizz, Blooket) со прашања за македонските собирачи и нивната дејност (Миладиновци, Цепенков, Шапкарев).
- Учениците самостојно ги решаваат прашањата, а резултатот се базира на точност и брзина на одговорите.
- Кратка рефлексија по квизот: секој ученик запишува што научил и што го изненадило.

**Креативни активности**

- Учениците пишуваат мала сценичка минијатура (дијалог од 10–15 реченици) во која се среќаваат лик од класицизмот и лик од романтизмот; расправаат на тема „разумот или чувството“.
- Секој ученик создава дигитален постер инспириран од македонската преродба (Прличев, Миладинов, Жинзифов), со вклучен цитат или кратка белешка што ја објаснува идејата.
- Учениците изработуваат „литературна визит-карта“ за класицистички автор (Расин, Молиер, Боало и др.) — содржи клучни идеи, симбол, цитат и кратка естетска мисла.

Подрачје: ***МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ***
Вкупно часови: **14**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. ги препознава и опишува различните медиумски формати (текст, аудио, видео, инфографик) и нивните специфични карактеристики;
2. објаснува како медиумите и јазикот што го користат влијаат врз формирањето на мислењето и перцепцијата на публиката;
3. идентификува и анализира примери на говор на омраза, стереотипи и предрасуди во различни медиумски содржини;
4. применува основни етички и правни принципи при користење и создавање медиумски содржини.
5. креира оригинални медиумски производи (текст, подкаст, видео или визуелна порака) кои пренесуваат личен став, идеја или општествена порака;
6. објаснува влијанието и улогата на медиумските содржини во современото општество и во секојдневната комуникација.

Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:

1. медиумите имаат силно влијание врз формирањето на јавното мислење, ставовите и однесувањето на поединците и заедницата;
2. одговорното и критичко користење на медиумските содржини придонесува за информирано, толерантно и активно граѓанско однесување;
3. етичките принципи и почитувањето на авторските права се неопходни за фер и безбедна комуникација во дигиталниот простор;
4. креативното изразување преку медиумите е средство за личен развој, социјална вклученост и позитивно влијание врз општеството.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| Разбирање на медиумските формати (медиум, формат, текст, блог, подкаст, видео, аудио содржина, инфографик, | • Препознава и именува различни медиумски формати (текст, блог, подкаст, видео, аудио содржина, инфографик).<br>• Ги опишува основните карактеристики и начинот на комуникација кај секој медиумски формат. |

| | |
|---|---|
| платформа, стил, инфографик, подкаст, визуелен јазик, продукција, мултимедијалност) | • Ги споредува медиумските формати според форма, цел и публика.<br>• Објаснува како изборот на медиумски формат влијае врз начинот на пренесување и разбирање на пораката.<br>• Идентификува елементи на мултимедијалност (слика, звук, текст, графика) во конкретни медиумски примери. |
| • Јазикот и медиумите<br>• (медиумска порака, перцепција, манипулација, стереотип, говор на омраза, медиумски јазик, вредносен суд, влијание, етика)Стереотипи во медиумите и нивното влијание врз публиката<br>(јазик, медиум, стереотип, перцепција, медиумска порака, говор на омраза, предрасуди, дискриминација, медиумска етика, правна одговорност, критичко читање) | • Препознава и наведува примери на медиумски пораки кои можат да влијаат врз ставовите и мислењето на публиката.<br>• Разликува медиумски вредни настани од обични информации, според критериуми како јавен интерес, новинарска вредност и актуелност.<br>• Идентификува и опишува примери на говор на омраза, пристрасност и стереотипи во различни медиумски формати (онлајн текст, коментари, видеа, социјални мрежи).<br>• Објаснува како изборот на зборови, тон и визуелни елементи влијаат на создавање на перцепција кај публиката.<br>• Објаснува како стереотипите можат да се репродуцираат и засилуваат преку различни медиумски содржини.<br>• Анализира медиумски примери во кои се присутни предрасуди, дискриминаторски пораки или говор на омраза.<br>• Идентификува и предложува стратегии за препознавање, превенција и реагирање на говор на омраза и стереотипи во медиумите.<br>• Препознава и објаснува ситуации во кои се нарушени етичките норми или правата на поединци во медиумска комуникација. |
| Создавање оригинална содржина | • Планира медиумска содржина (есеј, подкаст, видео или постер) со јасна тема и цел.<br>• Создава оригинална содржина што изразува лична идеја или порака.<br>• Користи јасен јазик, слики или звук во согласност со избраниот формат. |

| | |
|---|---|
| | Применува основни правила за авторски права и етичка употреба на медиумски содржини.Објаснува како неговата содржина може да влијае или да испрати порака до публиката. |

**Примери за активности**

**Практични активности**

• **Анализа на медиумска порака:** Учениците избираат вест, пост или рекламен клип и ја анализираат според тоа каква порака, тон и вредности пренесува.
• **Споредба на медиуми:** Во групи, учениците избираат два различни медиумски формати (вест на портал и видео прилог) за ист настан и ги споредуваат во однос на јазик, визуелен стил и влијание врз публиката.
• **Оценување на кредибилност:** Учениците истражуваат различни онлајн извори за актуелна тема и ги оценуваат според критериуми: извор на информација, автор, јазик, емоционален тон, фактичност.

**Симулација и играње улоги**

• **Новинарска редакција:** Учениците ја преземаат улогата на уредници, новинари и дизајнери. Заедно создаваат кратка медиумска содржина (вест, инфографик, подкаст) со нагласена медиумска етика и проверка на факти.
• **Дебата „Моќта на медиумите“:** Групи ученици застапуваат различни ставови (на пример: „Медиумите се огледало на општеството“ vs. „Медиумите го обликуваат општеството“) и аргументирано ги бранат.

**Дискусија:** Наставникот поставува прашања за водење на разговорот, на пример:
– Како начинот на изразување во медиумите влијае на тоа како го разбираме настанот?
– Дали сите информации во медиумите се подеднакво веродостојни? Зошто?
– Кои зборови или слики можат да создадат предрасуди кај публиката?
Учениците аргументирано ги образложуваат ставовите и ги поддржуваат со примери од медиумите.
На крајот, заедно со наставникот, формулираат заеднички заклучок – на пример: *„Јазикот во медиумите може да обликува мислења и е важно критички да се чита секоја порака.“*

**Креативни активности**

• **Создавање медиумска порака:** Учениците создаваат краток есеј, видео, подкаст или дигитален пост со позитивна општествена порака (толеранција, емпатија, критичко размислување).

• **Редизајн на медиумска порака:** Избираат пост или реклама со стереотипен елемент и го преработуваат на етички и инклузивен начин.
• **Изработка на инфографик:** Учениците создаваат визуелен приказ со совети за безбедно, етичко и критичко користење на медиуми.

**Квизови и проверка на знаење**

**Препознај го медиумот**“: Учениците добиваат извадоци од различни медиумски формати (вест, блог, рекламен пост, подкаст-транскрипт) и треба да го идентификуваат медиумскиот формат и неговите карактеристики.

• **Јазик и стереотипи во медиумите“:** Учениците добиваат примери од текстови, реклами или објави на социјални мрежи и треба да откријат кои зборови, изрази или слики пренесуваат стереотипи. Потоа кратко објаснуваат како тие влијаат врз перцепцијата на публиката**.**

• **„Етички или неетички?“:** Наставникот прикажува кратки медиумски ситуации (пост, наслов, коментар), а учениците одредуваат дали комуникацијата е етичка или неетичка и наведуваат зошто (со повикување на етички принцип или правило).

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ И ИНТЕРКУЛТУРНОСТ

Наставниците во гимназиското образование поттикнуваат инклузивност преку обезбедување активно вклучување на сите ученици во наставните активности. Соодветно ги адаптираат методите на работа за да одговараат на различните когнитивни и емоционални потреби на учениците, користејќи пристапи како индивидуализација, диференцијација, тимска работа и соученичка поддршка. При работа со ученици со попреченост, наставниците применуваат индивидуални образовни планови кои вклучуваат прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување и овозможуваат дополнителна поддршка од образовни асистенти, медијатори, тутори-волонтери и професионалци од ресурсните центри.

Редовното следење на напредокот на учениците, особено оние од ранливите групи, е од суштинско значење. Наставниците навремено ги идентификуваат евентуалните тешкотии и обезбедува насоки за нивно надминување, притоа создавајќи поддржувачка средина за постигнување на резултатите од учењето. Овој пристап не само што ги поттикнува академските постигнувања, туку и ја гради самодовербата на учениците и нивното чувство на припадност.

Во промовирањето на родова рамноправност, наставниците внимаваат да не се поттикнуваат стереотипни родови улоги при организирање на активностите. При формирањето групи за работа или доделувањето задачи, наставниците обезбедуваат рамнотежа помеѓу момчињата и девојчињата, додека при користењето примери, текстови и илустрации ја поддржуваат родовата сензитивност и ги поттикнуваат учениците да ги надминат родовите стереотипи. Наставниот процес е осмислен така што родовата еднаквост и етничката/културната сензитивност се природен дел од сите активности, особено преку користење, секаде каде што е можно, материјали и содржини кои промовираат интеркултурализам и меѓуетничка интеграција.

Наставниците ги воведуваат учениците во различни културни перспективи преку активности кои промовираат почитување на различностите во сите можни ситуации. Ова им овозможува на учениците да развијат свест за интеркултурно разбирање и соработка, што е основа за создавање и развој на кохезивно, хармонично општество.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите, учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел, наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот поврзани со сите подрачја од програмата;
- истражувачки активности со кои ученикот истражува: за особеностите на јазикот, за користењето на стандардниот говорен и писмен јазик во различен вид комуникација, за употребата на правописот во писменото изразување во различни видови текстови и контексти, за одредени периоди и епохи доведувајќи ги во врска општествените и други развојни текови со делото/авторот;
- презентации на различни теми поврзани со сите три подрачја од програмата;
- презентации со анализа и интерпретација на литературни и нелитературни текстови преку цитати, аргументации и примери;
- изработени говори, есеи, поетски и прозни литературни форми;
- писмените извештаи со приказ на податоци и информации во различни формати и облици со примена на објективно претставување од релевантни извори;
- домашните задачи;
- одговорите на квизови (куси тестови) што се дел од поучувањето;
- учество и ангажираност во активности, дискусии, тимска работа.

Ученикот добива бројчана сумативна оценка за постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тестови на знаење во комбинација со оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување. Во текот и на крајот од учебната година ученикот добива бројчани оценки.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2026/2027 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 21 став 3 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 и 132/25), министерката за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Македонски јазик и литература* за II (втора) година гимназиско образование.** | бр. 13-13939/9<br><br>21.11.2025 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>проф. д-р Весна Јаневска, с.р.<br><br>___________________________ |